ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **29.04.2020 година** во 09:00 часот во салата на Советот на општина Крива Паланка со почеток во 09:00 часот

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов**, Раководител на Сектор за општи и правни работи финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски**, Раководител на Одделение за општи и правни работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за јавни дејности ,економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски** Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски**, Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Од страна на Секретарот на општината беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се направи увид на записниците за констатиран прекршок и предадените налози од комуналните редари поради не плаќање на прекршочните казни за крупен добиток и процедурата на овој проблем да продолжи со решавање по судски пат.

-Тековни активности

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

-Од страна на Раководителот Мартин Николовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Полугодишното интервју да се заврши од 15.05-31.05.2020 година, а рок за доставување на обрасците од страна на раководителите на одделенијата до 25.05 2020 година.

-До 10.05.2020 година да се заврши кларификација на Буџетот по поднесени апликации на НВО за користење гранд средства од Буџетот на општината.

-План за динамика за проценка на нови површини од легализирани објекти за утврдување на данок на имот до крајот на месецот.

-Да се биде во контакт со фирмата која што изготвува Стратегија за туризам на Општина Крива Паланка и организирање на нивна посета и одржување на работилници.

- Да се направи план за работа на проценителите за новолегализирани површини.

- Да се достават договорите за заеднички трошоци за подрачните министерства на подрачните одделенија.

-Тековни активности

**Одделение за финансиски прашања**

-Од страна на Раководителот на Драгица Митровска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се изнајде начин за намалување на комунална такса (фирмарина) поради настаната состојба со пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19.

-Да се изнајде начин да се помогне на фирмите (кафичите) кои плаќаат надоместок за користење на пред простор и закуп на јавна површина.

-Татјана Георгиевска да ја продолжи постапката со сите потребни документи за отуѓување на градежно земјиште на предвидените локалитети на територијата на Општина Крива Паланка до наредната недела и да се даде информација до каде е истата.

-Да се направи преглед за ревидирање на долгови до 10.05.2020 година.

-Тековни активности

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

- Од страна на Раководителот Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се контактира со фирмата ЕУРО-РОАД Дизајн за побрза изработка на проект за улица Баглачка.

-Да се заврши елаборатот за канализација Цонев Рид до 05.05.2020 година.

-Да се контактира со Дине Трејд за санација на земјани патишта во с.Градец и ако е потребно да се користи и песокот од река како тампон.

-Стевче Христовски да даде извештај за решени (одбиени) предмети за легализација до 30.04.2020 година.

-Да се изврши прочистување и трасирање на долот во Баглак.

- Да се достави проект за идејно решение од фирмата Параметар ДООЕЛ –Скопје.

-Да се направи комуникација со АКН за пат во с. Крклја.

-Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Од Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Комисија за урбанизам закажана на 06.05.2020 година.

-Да се даде одобрение за градење кај Станечки водопади до 15.05.2020 година.

-Да се изготви Програма за урбана опрема до нареден совет .

-Да се спреми Програма за поставување времени објекти за совет во месец јуни.

-Да се закаже јавна расправа за деталните планови за 1Д до 15.05.2020 година и втора за 7А до 20.05 2020 година и истата да биде закажана во спортската салата во Партизан да бидат спремени материјали и доставени покани за присуство на истата.

-До каде е постапката за ГУП-ОТ да се исконтактира со Агенција за планирање на простор.

-Да се даде писмен допис за изработка на 4А до фирмата Простор од Куманово .

-Да се достави предмер за гасификацијата потпишан од проектантите.

-Да се даде налог за обнова на хоризонтална сигнализација.

-Да се планира термин за дезинсекција.

-Тековни активности

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

Од Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се спреми како предлог за рестрикција за сите поголеми културни настани како што се Фолклорниот фестивал и Театарскиот фестивал и некои други кои се одржуваат во текот на годината, да се предложи нов предлог Буџет и да се достави до финансии .

-Да се даде налог на сите воспитно- образовни институции за уредување на дворните места.

-Да се предложи тим од 5 лица за изработка на социјална карта.

-Тековни активности

**Одделение за човечки ресурси**

Од страна на Раководителот Игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-По добивањето на заклучоци од АХВ во координација со Секретарот на општината да се преземат активности во врска со Меморандум, повторна информација за решавање на проблемот со крупен добиток во општина Крива Паланка.

-Да се одржи состанок со Градоначалник, Секретарот на општина и Раководителот на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој во врска со упатството за користење на работното време во општина Крива Паланка.

-Со Секретарот на општината, Маја Костадиновска, Никола Граматиков и Иван Велиновски да се направи обиколка на пренесени објекти во склоп на поранешна касарна од МО .

-Полугодишното интервју да се заврши од 15.05-31.05 2020 година, а рок за доставување на обрасците од страна на раководителите на одделенијата до 25.05 2020 година.

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

- Од страна на Раководителот Јаготка Николовска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се распишат јавни набавки по доставените барања од одделенијата за пластични и армирани бетонски цевки, хоризонтална сигнализација и дезинфекција.

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Од страна на Раководителот Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се види со фирмата која е задолжена за заловување на бездомни животни и со истата да се направи договор за заловување на крупен добиток без разлика дали се со ушни или без ушни маркици ако истите не се згрижени од сопствениците и прават штети.

-Комуналните редари секојдневно да ги контролираат зелените површини поради присуство на крупен добиток на истите и превземање на казнени мерки кон сопствениците, во спротивно ќе следуваат дисциплински одговорности.

-Градежниот инспектор од наредната недела да спроведе континуирана контрола во градот бидејќи се констатирани голем број градежни активности.

-Овластениот инспектор за животна средина да направи записник за угинатото животно во с.Жидилово и преземе соодветни мерки во делот на загадување на површински води.

-Овластениот инспектор за животна средина да изврши контрола и да го согледа влијанието на одгледувалиштето за крупен добиток во с.Жидилово врз животната средина и врз основа на тоа да предложи одлука за забрана на ова одгледувалиште до советот на општината.

-Раководителот на одделението да изврши пополнување на апликацијата за избор на најеколошка општина и истата да се достави до крајот на месецот.

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-До 05.05.2020 година да се изготви план за расчистување на захватите на водоводот во Калин Камен и тоа по фази 1/3 до 15.05.2020, другата 1/3 до крајот на месецот, а остатокот до крајот на месец јуни.

-Да се ажурираат податоците за водоводната и канализациона мрежа и истите да се достават за вградување во ГИС.

- На зелената јавна површина пред самата зграда на улица Херој Карпош да се отстрани постоечката трева и да се посипе со хумус и затреви истата, исто така на оваа локација да се пополни празното бетонско корито со хумусна земја и да се засадат цвеќиња во истото до крајот на месецот.

-Да се санираат жардинериите на главната улица до 10.05.2020 година.

-Да се собере ризлата покрај кејскиот ѕид на магистралната улица од Бегови Бавчи до мотелот до 10.05.2020 година.

-Старите тезги и другата опрема од зелениот пазар да се остранат сите во исто време и исто така новата опрема да биде поставена веднаш по отстранувањето на истите со тоа што старите тезги да бидат на соодветно место складирани и соодветно третирани до 15.05.2020 година.

-Да се направи порачка на пумпа за фонтаната пред општина и истата да се стави во функција до 10.05.2020 година.

-Да бидат вратени доставниците од страна на инкасаторите од задолжените решенија до 15.05.2020 година.

-Миењето на улиците да се спроведува во раните утрински часови.

-Собирањето на отпад да се врати по старото време веднаш по викендот.

-Да се собере отпадот околу контејнерите во сите населби до крајот на наредната недела.

-Да се изготви оперативен план за дезинфекција на улиците и истиот да се достави до секретарот на општината.

-Да се докомплетира барањето и документацијата и исто така да се изврши проценка на состојбата на водоводот Листа.

-Да се определи екипа и изготви план за монтажа и демонтажа на водомерите во градските подрачја со определен број на дневни задолжувања и истите да бидат завршени со краен рок 6 месеци.

-Еластичната ограда ако е готова да се предаде за поставување на улица Калин Камен во текот на наредната недела .

-Скипот да изврши снижување на земјиштето кај спортскиот рекреативен комплекс и исто така да се ископаат дупки за поставување ограда од старите здрави бетонски столбови со цел спречување на влегување на крупен добиток во игралиштето.

-Да се продолжи со крпење на ударните дупки.

-Тековни активности

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

- Од страна на директорот на ЛУ Градски музеј Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се направи скратена предлог листа на настани кои се одржуваат во текот на летниот период во нашата општина за кои се потребни помалку средства и ревидиран Буџет за истите во координација со ЛЕР до нареден колегиум.

-Да се достави предлог дизајн за банери со рок до 30.04.2020 година во електронска верзија за 4 локации.

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

-Одделенијата во општина да започнат со изготвување на Годишните програми и да се доставаат драф верзија до 01.07 2020 година, дополнителна верзија до 01.08.2020 година, како нацрт програма до 31.08 2020 и финална верзија до 30.09 2020 година .

-Комисијата за увид на лице место за градежно земјиште да направи увид за Метежевски преслап до 05.05.2020 година.

**29.04.2020 година, Крива Паланка**

**Изготвил: Клара Стевановска**